РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА
БР. 04-446/
13.11. 2025 год.
Битола

Врз основа на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 163/08, 44/11, 51/11, 124/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24, 63/25 и 116/25), член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија” бр.12/19), Решението за распишување на избори на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје за 2025 година бр.08-4408/3 од 09.08.2025 година, објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр.167/25, и Заклучокот за завршување на локалните избори 2025 година, за избор на членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје бр.08-3716/5 од 12.11.2025 година, објавен на ден 13.11.2025 година на веб страната на Државната изборна комисија, директорот на НУ Центар за култура - Битола, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
за продолжување на постапки за вработување во
НУ Центар за култура – Битола

1. Согласно Решението за распишување на избори на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје за 2025 година бр.08-4408/3 од 09.08.2025 година, објавено во Службен весник на Република Северна Македонија бр.167/25, а во насока на доследно почитување на законските одредби, односно член 8-а од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со Решение бр. 04-446/3 од 11.08.2025 год. ВО МИРУВАЊЕ БЕА СТАВЕНИ:
   - Постапка за вработување по јавен оглас број 681/2025 на 1 (еден) административен службеник за работно место КУЛ 01 02 В012 006 Советник – Главен сметководител, објавен на ден 02.07.2025 година во дневните весници „Слободен печат“, „Коха" и „Нова Македонија”, како и на веб страната на Агенцијата за администрација, и
   - Постапка за вработување по јавен оглас број 1/2025 за вработување на 2 (двајца) работници и тоа КУЛ 03 04 Г02 008 Стручен соработник за меѓународна дејност и КУЛ 04 01 А02 007 Друг одговорен сценски работник, објавен на ден 01.08.2025 во дневните весници „Слободен печат“, „Коха" и „Нова Македонија”, како и на веб страната на НУ Центар за култура – Битола.

2. Согласно Заклучокот за завршување на локалните избори 2025 година, за избор на членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје бр.08-3716/5 од 12.11.2025 година, објавен на ден 13.11.2025 година на веб страната на Државната изборна комисија, постапката по јавен оглас број 681/2025 за вработување на 1 (еден) административен

службеник за работно место КУЛ 01 02 В012 006 Советник – Главен сметководител, објавен на ден 02.07.2025 година во дневните весници „Слободен печат“, „Коха" и „Нова Македонија”, како и на веб страната на Агенцијата за администрација, како и постапката за вработување по јавен оглас број 1/2025 за вработување на 2 (двајца) работници и тоа КУЛ 03 04 Г02 008 Стручен соработник за меѓународна дејност и КУЛ 04 01 А02 007 Друг одговорен сценски работник, објавен на ден 01.08.2025 во дневните весници „Слободен печат“, „Коха" и „Нова Македонија”, како и на веб страната на НУ Центар за култура – Битола **ПРОДОЛЖУВААТ** согласно важечката законска и подзаконска регулатива.

3. Ова решение да се објави на веб страната на НУ Центар за култура - Битола.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Моника Јанеска Гајтановска

НУ Центар за култура – Битола
Директор,
Сашо Илковски